# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата

Сабота, 6 јули 1985
Скопје
Број 22 Год. XLI

Претплатата за 1985 година изнесува 2.000 динари. Овој број чини 80 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

319.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година

Бр. 08-1855
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж. **Станко Младеновски,** с р

## ЗАКОН
### ЗА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА САМОУПРАВНИТЕ ПРАВА И ОПШТЕСТВЕНАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Заради остварување на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост, собранието на општествено-политичката заедница спрема организациите на здружениот труд и заедниците или други здруженија на тие организации, работни заедници и други самоуправни организации и заедници (во натамошниот текст· организација, односно заедница) презема една или повеќе привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост (во натамошниот текст: привремени мерки), под услови и по постапка утврдени со Законот за здружениот труд и овој закон

Член 2

Привремените мерки спрема организација, односно заедница ги презема собранието на општината на чие подрачје е седиштето на организацијата, односно заедницата или собранието на општината на чие подрачје таа ја врши својата дејност.

Собранието на град Скопје презема привремени мерки спрема организација, односно заедница што ја основало и чија дејност е од интерес за градот.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија презема привремени мерки спрема организација, односно заедница што ја основало и чија дејност е од општ интерес за Републиката, како и спрема организација, односно заедница над која орган на Републиката врши надзор над законитоста на работата.

Член 3

Покрај случаите утврдени во Законот за здружениот труд ќе се смета дека во организацијата, односно заедницата се нарушени самоуправните односи ако:

1) не се извршува одлука на уставниот суд или правосилна одлука на суд на здружениот труд,

2) се нарушени меѓусебните односи така што негативно се одразуваат врз работењето на организацијата, односно заедницата и

3) во рокот определен со закон не се изврши избор на орган на управување или не биде именуван работоводен орган

Собранието на општествено-политичката заедница утврдува дали во случаите од став 1 на овој член суштествено се нарушени самоуправните односи во организацијата, односно заедницата.

Член 4

Покрај случаите утврдени во Законот за здружениот труд ќе се смета дека организацијата, односно заедницата ги оштетила општествените интереси и ако:

1) во вршењето на дејноста од посебен општествен интерес ги запоставува со закон утврдените права и интереси на граѓаните и другите корисници,

2) се отстапува од основите и мерилата за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка на работниците утврдени со самоуправната спогодба и со друг самоуправен општ акт и ако со распоредувањето на чистиот доход, односно со распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците се нарушуваат односите што му одговараат на начелото на распределбата според трудот или се нарушува текот на општествената репродукција.

Собранието на општествено-политичката заедница утврдува дали во случаите од став 1 на овој член потешко се оштетени општествените интереси.

Член 5

Покрај привремените мерки утврдени во Законот за здружениот труд, собранието на општествено-политичката заедница може во организацијата, односно заедницата да ја распушти дисциплинската комисија и органот на самоуправната работничка контрола во случаи кога ќе се констатира дека тие придонеле за суштествено нарушување на самоуправните односи или за потешко оштетување на општествените интереси.

Одлуката за распуштање на дисциплинската комисија, односно на органот на самоуправната работничка контрола содржи и одредби за распишување избори на нови членови на дисциплинската комисија и на органот на самоуправната работничка контрола.

До изборот на нови членови на дисциплинската комисија правата и должностите на тој орган ќе ги врши привремениот орган.

До изборот на нови членови на органот на самоуправната работничка контрола работниците во организацијата, односно заедницата, самоуправната работничка контрола ја остваруваат непосредно и преку органот на управувањето, доколку со одлуката за преземање на привремени мерки тој не е распуштен.

Член 6

Собранието на општествено-политичката заедница покрај мерката од член 5 на овој закон може во организацијата, односно заедницата да ја ограничи исплатата на личните доходи на работниците до висината на остварениот просечен личен доход во организацијата, односно заедницата од претходната година во случаите од член 4 став 1 точка 2 на овој закон.

По отстранувањето на причините поради кои е преземена мерката од став 1 на овој член, на работниците им се исплатува личен доход и за периодот на траењето на мерката што одговара на начелото на распределбата според трудот, односно според основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи утврдени со самоуправната спогодба и со друг самоуправен општ акт

Член 7

Собранието на општествено-политичката заедница привремените мерки ги презема по сопствена иницијатива или по иницијатива на собирот на работниците на основната организација, односно заедница, органот на самоуправната работничка контрола, надлежниот орган на синдикатот во општината, Службата на општественото книговодство, извршниот совет на собранието на општествено-политичката заедница, основачот на организацијата, односно заедницата, судот и доверителите

Иницијативата од став 1 на овој член мора да биде образложена и да содржи факти врз основа на кои може да се утврди дека во организацијата, односно заедницата суштествено се нарушени самоуправните односи, потешко се оштетени општествените интереси или не се извршуваат обврските утврдени со закон

Член 8

Општествениот правобранител на самоуправувањето има право и должност на собранието на општествено-политичката заедница да му поднесе предлог за преземање на привремени мерки

Предлогот од став 1 на овој член се поднесува во писмена форма и мора да содржи факти врз основа на кои може да се утврди дека во организацијата, односно заедницата постојат причини за преземање на привремени мерки, кои мерки би требало да се преземат и рокот на нивното траење

Член 9

Собранието на општествено-политичката заедница е должна иницијативата, односно предлогот за преземање на привремени мерки да ги разгледа во рок од 30 дена од добивањето на иницијативата или предлогот, односно на првата наредна седница

Собранието на општествено-политичката заедница врз основа на дадена иницијатива утврдува дали се исполнети условите за поведување на постапка за преземање на привремени мерки и донесува заклучок за покренување на постапка за преземање на привремени мерки или за одбивање на иницијативата и за тоа го известува подносителот на иницијативата и општествениот правобранител на самоуправувањето

Кога општествениот правобранител на самоуправувањето поднесува предлог за преземање на привремени мерки, се смета дека со тоа е поведена постапка за преземање на привремени мерки

Член 10

Заклучокот за покренување на постапка за преземање на привремени мерки, односно предлогот за преземање на привремени мерки, веднаш по донесувањето, односно по добивањето се доставува заради изјаснување до организацијата, односно заедницата на која се однесува и до работната или сложената организација во чиј состав е основната, односно работната организација

Заклучокот, односно предлогот од став 1 на овој член се доставува и до органот на управувањето, работоводниот орган, основната организација на синдикатот и до работниците со посебни овластувања и одговорности во организацијата односно заедницата за кои се смета дека се одговорни за тоа што во организацијата, односно заедницата се нарушени самоуправните односи, се оштетени општествените интереси или што не се извршуваат со закон утврдените обврски спрема општествената заедница.

Заклучокот за покренување на постапка за преземање на привремени мерки се доставува на мислење и до општествениот правобранител на самоуправувањето

Организацијата, односно заедницата, органите, основната организација на синдикатот и работниците од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се должни на собранието на општествено-политичката заедница да му достават мислење во рок од 15 дена од денот на добивањето на заклучокот, односно предлогот

По истекот на рокот од став 4 на овој член, собранието на општествено-политичката заедница ќе спроведе постапка заради утврдување на постоење услови утврдени со закон за преземање на привремени мерки

Член 11

Пред донесувањето на одлуката за преземање на привремени мерки се утврдува дали постојат условите утврдени со закон за преземање на привремени мерки

За утврдување на условите од став 1 на овој член собранието на општествено-политичката заедница формира комисија и определува рок во кој комисијата поднесува извештај на собранието.

Во комисијата од став 2 на овој член може да има и претставници на организацијата, односно заедницата спрема која се преземаат привремените мерки

Комисија не се формира кога постапката за преземање на привремени мерки е покрената по предлог на општествениот правобранител на самоуправувањето

Член 12

Собранието на општествено-политичката заедница пред донесувањето на одлука за преземање на привремени мерки може да им укаже на работниците во организацијата, односно заедницата на постоењето услови за преземање на привремени мерки и да им определи рок за отстранување на причините што се основ за преземање на привремени мерки

Собранието на општествено-политичката заедница може пред преземањето на привремените мерки да одржи заедничка седница на надлежниот собор на собранието, на одредено работно тело на соборот или на комисијата од член 11 став 2 на овој закон, со органот на управување и другите органи во организацијата, односно заедницата заради разгледување на состојбите и мерките што биле преземени за отстранување на причините што се основ за преземање на привремени мерки

Ако во определениот рок во организацијата, односно заедницата не се отстранат причините што се основ за преземање на привремени мерки, собранието на општествено-политичката заедница може да донесе одлука за именување на привремен орган и да ги утврди мерките за отстранување на причините поради кои е определена оваа мерка

Член 13

Собранието на општествено-политичката заедница пред преземањето на привремените мерки прибавува мислење од надлежниот орган на синдикатот во општината за оправданоста да се презема соодветна мерка.

Мислењето од став 1 на овој член се доставува најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето.

Член 14

Привремените мерки собранието на општествено-политичката заедница ги презема со одлука

Одлуката за преземање на привремени мерки треба да содржи особено причините поради кои се

Органот од став 3 на овој член е должен да го известува Собранието на општествено-политичката заедница за спроведувањето на програмата во рокови што тоа ќе ги утврди.

Органот на управување на организацијата, односно заедницата, односно привремениот орган е должен најмалку еднаш во 3 месеци да му доставува на органот кој врши надзор над спроведувањето на програмата, надлежниот орган на синдикатот во општината и општествениот правобранител на самоуправувањето извештај за спроведувањето на програмата

Член 27

Трошоците и другите исплати за спроведување на привремените мерки паѓаат на товар на средствата на организацијата, односно заедницата спрема која се преземени мерките, доколку собранието на општествено-политичката заедница не одлучи поинаку.

Член 28

Привремените мерки: привремено ограничување на определени самоуправни права на работниците, именување на привремен орган во организацијата, односно заедницата и ограничувањето на исплатата на личните доходи во висината на просечниот личен доход во организацијата, односно заедницата од претходната година траат до отстранувањето на причините поради кои се преземени, но најмногу една година

Во текот на траењето на привремените мерки собранието на општествено-политичката заедница преиспитува дали се отстранети причините поради кои се преземени мерките, а ако констатира дека тие се отстранети, донесува одлука за престанок на привремените мерки

Предлог за престанок на привремените мерки и пред определеното време можат да поднесат општествениот правобранител на самоуправувањето, привремениот орган, органот на управување, работниците во организацијата, односно заедницата, извршниот совет на Собранието на општествено-политичката заедница и надлежниот орган на синдикатот во општината.

Предлогот за престанок на привремените мерки мора да биде образложен.

Собранието на општествено-политичката заедница е должно предлогот да го разгледа во рок од 30 дена од добивањето на предлогот, односно на првата наредна седница.

Член 29

Ако собранието на општествено-политичката заедница презело определени привремени мерки, а во текот на нивното спроведување се утврди дека со нив не можат да се отстранат причините поради кои тие се преземени, може да преземе и други со закон утврдени привремени мерки.

Член 30

Кога според овој закон се преземени привремени мерки распуштање на дисциплинската комисија и распуштање на работничкиот совет, по барање за заштита на правата на работниците решава привремениот орган.

Член 31

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за привремените мерки на општествената заштита на самоуправните права и општествената сопственост („Службен весник на СРМ" број 13/78)

Член 32

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**320.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 25 јуни 1985 година.

Бр 08-1858
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с р

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж. **Станко Младеновски,** с р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Во Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 42/80, 38/81 и 38/83), во член 8 по алинеја 13 се додаваат 4 нови алинеи, кои гласат:

„— делот од доходот издвоен за обврските утврдени со закон и врз основа на закон;

— износот на средства во висина на загарантираниот личен доход на работниците;

— делот од доходот што му припаѓа на странското лице по основа на вложување средства во основната организација на здружениот труд и

— делот од доходот во висина на средствата што организацијата на здружениот труд ќе ги вложи за остварување на заеднички развојни програми кои се реализираат со здружување на средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини".

Член 2

Членот 10 се менува и гласи·

„Член 10

Обврзниците на данокот од доход распоредени со Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ" број 34/76, 62/77, 72/80, 77/82, 71/83 и 68/84), плаќаат данок од доход по стапка од 0,30%, освен обврзниците што данокот го плаќаат по следниве стапки и тоа:

— по стапка од 2% — обврзниците од областа 07 — Трговија, групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати и гранката 0703 — Надворешна трговија;

— по стапка од 1,5% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, групата 01309 — Производство на други прехранбени производи; од областа 07 — Трговија, подгрупите 070222 — Сува кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, 070229 — Тутун и други непрехранбени производи; од областа 11 — Финансиски, технички и деловни услуги, гранките· 1101 — Банкарство, 1102 — Осигурување на имоти и лица, подгрупите:

110303 — Комерцијални работи во осигурувањето на функцијата на прометот на стоки и услуги и 110404 — Инженеринг,

— по стапка од 1% — обврзниците од дејностите во областите и гранките: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранката 0101 — Електростопанство (освен подгрупата 010102 — Производство на термоелектрична енергија); гранката 0702 — Трговија на големо, (освен, групата 07021 — Трговија на големо со прехранбени производи, подгрупите: 070222 — Сува кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, 070227 — Лекови и санитетски материјал, 070229 — Тутун и други непрехранбени производи и групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати;

— по стапка од 0,50% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство и тоа гранките и подгрупите: 0107 — Црна металургија, 0108 — Производство на руди на обоени метали, 0109 — Производство на обоени метали, 0110 — Преработка на обоени метали, 011413 — производство на машини за обработка на метали и дрво, 01172 — Производство на електрични машини и уреди (освен подгрупите. 011722 — Производство на радио и телевизиски приемници и електроакустични апарати и уреди и 011723 — Производство на комуникациони апарати и уреди), 01173 — Производство на кабли и спроводници, 011793 — Производство на акумулатори и галвански елементи, 0118 — Производство на базни хемиски производи, 0119 — Преработка на хемиски производи, 01212 — Производство на цемент, 0127 — Производство на кожа и крзно, 0129 — Производство на каучук, 01308 — Производство на растителни масти и масла, 0133 — Производство и преработка на тутун и од областа 12 — Образование, наука, култура и информации, подгрупата 120363 — изнајмување и дистрибуција на филмови и

— по стапка од 0,10% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство и тоа гранките, групите и подгрупите. 01121 — Производство на стакло, 01142 — Производство на земјоделски машини, 011722 — Производство на радио и телевизиски приемници и електроакустични апарати и уреди, 011723 — Производство на комуникациони апарати и уреди, 012002 — Производство на камен, чакал и песок, 01211 — Производство на вар и гипс, 01213 — Производство на тули и керамика, 012142 — Производство на префабрикувани градежни елементи, 0122 — Производство на режана граѓа и плочи, 0123 — Производство на финални производи од дрво, 012691 — Производство на прекривачи за под, областите 02 — Земјоделство и рибарство, 03 — Шумарство, 04 — Водостопанство, 05 — Градежништво, 06 — Сообраќај и врски (освен гранката 0601 — Железнички сообраќај); од гранката 0701 Трговија на мало, само групата 07011 — Трговија на мало со прехранбени производи, 08 — Угостителство и туризам, 09 — Занаетчиство 10 — Станбено-комунални дејности и уредување на населби и простори, гранката 1105 — Геолошки истражувања, 12 — Образование, наука култура и информации освен подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови и областа 13 — Здравствена и социјална заштита"

Член 3

По член 11 се додава нов член кој гласи

„Член 11-а

Надлежен орган за постапување по одредбите на членовите 19, 31 и 32 од Законот за санација и престанок на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" број 41/80, 25/81, 66/81, 28/83, 20/84 и 7/85), по обврските утврдени со овој закон е Извршниот совет на Собранието на СРМ".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година, освен член 3 од овој закон, кој ќе се применува од 1 јануари 1985 година

**321.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 25 јуни 1985 година.

Бр 08-1859
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ" бр 39/82, 48/82, 23/83, 13/84, 24/84 и 31/84), во членот 11, првиот ред по зборот „граѓани", се додаваат зборовите· „што данокот го плаќаат според вистински остварениот промет".

Член 2

Во член 18 по став 1 се додава нов став кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, даночните обврзници — граѓаните кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓаните — го плаќаат данокот на промет во вид на аконтација, а врз основа на прометот остварен во претходниот месец на алкохолни, безалкохолни пијалаци и на минералната и газирана вода што подлежат на оданочување"

Член 3

Членовите 20 и 21 се бришат

Член 4

Во Тарифата на посебниот републички данок на промет се вршат следниве измени и дополнувања·

1) Во тарифниот број 1 став 1 бројката „5" се заменува со бројката „4 75"

2) Тарифниот број 2 се менува и гласи

„Тарифен број 2

На прометот на алкохолните пијалаци и на освежителните газирани безалкохолни пијалаци и на минерална и газирана вода се плаќа посебен републички данок на промет на производи и тоа·

| | |
|---|---|
| — природно вино | 2 отсто |
| — освежителни газирани безалкохолни пијалаци, ароматизирани сирупи, минерална и газирана вода | 3 отсто |
| — природна ракија и вињак | 4 отсто |
| — пиво | 7 отсто |
| — други алкохолни пијалаци | 12,5 отсто" |

3) Тарифниот број 4 се менува и гласи·

„Тарифен број 4

Посебен републички данок на промет на производи се плаќа по стапка од 4,60 отсто на прометот на·

1) ткаенини и други текстилни производи,

2) обувки,

3) детергенти,

4) сите видови дрвени плочи (шперплочи, лесонит-плочи, панел-плочи, плочи-иверици и други облагателни дрвени плочи)

5) керамички производи од тар бр 69 04, 69 05, 69 06, 69 07, 69 08 и 69 10 од Царинската тарифа, силикатни тули и тули изработени од електрофилтерски пепел и градежни материјали изработени од плино-бетон и хидроизолациони материјали изработени врз база на битумен

6) производи од тар бр 42 02 и 42 05 од Царинската тарифа изработени од кожа, вештачка кожа или скај,

7) градежна столарија,

8) мебел,

9) телевизори во црно-бела техника,

10) радиоприемници, (освен на промет на стерео радиоприемници) како и грамофонски плочи, видеокасети, магнетофонски и магнетни ленти на кои е снимена забавна или народна музика или на кои забавната или народната музика е претежно застапена

11) фрижидери,

12) машини за перење алишта и машини за миење садови,

13) бојлери.

14) електрични пегли

15) електрични шпорети, плински шпорети и комбинирани шпорети на плин и на електрична струја,

16) правосмукачи

17) велосипеди и трицикли, велосипеди и трицикли со мотор, моторни велосипеди чија работна зафатнина на моторот не е над 100 $cm^3$ и детски колички (колички за бебиња),

18) машини за шиење,

19) производи од гума (освен гуми за моторни возила на чиј промет данокот се плаќа според тарифен број 1 од оваа тарифа,

20) штавена кожа и производи од кожи, вештачка кожа и скај.

21) тоалетен сапун, сапун за бричење, како и кремови и спрејови изработени на база на сапуни што се употребуваат за бричење, медицински сапун, пасти и прашоци за заби лосиони за уста, пудра, кремови, беби-масло, беби-млеко и шампони за бањање за деца и шампони за коса и бањање,

22) тракторски приколки за земјоделство, автомобилски приколки, мотори за чамци до 3,7 KW и

23) украсен камен, мермер и гранит и производи од нив кои се употребуваат како градежен материјал"

4) По тарифниот број 4 се додаваат два нови тарифни броеви кои гласат

„Тарифен број 4а

Посебен републички данок на промет на производи се плаќа по стапка од 5 отсто на прометот на патнички автомобили

Тарифен број 4б

Посебен републички данок на промет на производи се плаќа во износ од 1,00 динар за еден хектолитарски степен на чист алкохол на промет на алкохол-етанол"

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1985 година.

**322.**

Врз основа на член 60 и член 61 ставови 1 и 3 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" број 36/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГУВЕРНЕР И ВИЦЕГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста гувернерот на Народната банка на Македонија Ристо Филиповски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија

Се разрешува од должноста вицегувернерот на Народната банка на Македонија Велимир Бундалевски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1835
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

**323.**

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

Се разрешува од должноста заменикот на републичкиот секретар за народна одбрана Иван Зеленковски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1836
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

**324.**

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста заменикот на републичкиот секретар за внатрешни работи Светислав

Митревски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1837
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

---

**325.**

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПРАВОСУДСТВО

Се разрешува од должноста заменикот на републичкиот секретар за правосудство Иван Катранџиски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1838
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

---

**326.**

Врз основа на член 90 став 2, а во врска со член 106 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешуваат од должноста судии на Врховниот суд на Македонија поради исполнување услови за остварување право на лична пензија·

Доне Илиевски,

Трајко Ников и

Тодор Анастасов

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

За судии на Врховниот суд на Македонија се избираат·

Василе Петковски, судија на Окружниот суд во Скопје,

Петар Голубовски, судија на Окружниот суд во Скопје и

д-р Симеон Гелевски, доцент на Правниот факултет во Скопје

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1839
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с р

**327.**

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за органите за водење на постапка по прекршоците („Службен весник на СРМ“ број 36/73 и 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СУД ЗА ПРЕКРШОЦИ

Се разрешува од должноста судијата на Републичкиот суд за прекршоци Мирослав Тодоровски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1840
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с. р.

---

**328.**

Врз основа на член 25 став 2, а во врска со член 28 точка 9 од Законот за Јавното правобранителство („Службен весник на СРМ“ број 9/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста заменикот на јавниот правобранител на Македонија Јордан Леов, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1841
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

---

**329**

Врз основа на член 90 став 2, а во врска со член 6 точка 9 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста судијата на Окружниот суд во Скопје Светислав Тасевски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

Разрешувањето се врши сметано со 30 јуни 1985 година

За судија на Окружниот суд во Скопје се избира Петар Најденов, судија на Окружниот суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1843
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р.

**330.**

Врз основа на член 90 став 2, а во врска со член 106 точка 9 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста судијата на Окружниот стопански суд во Скопје Али Крлиу, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

Разрешувањето се врши сметано од 30 јуни 1985 година.

За судија на Окружниот стопански суд во Скопје се избира Слободан Ципунов, судија во Општинскиот суд Скопје I во Скопје

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1842
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р.

**331.**

Врз основа на член 162 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори на Собранието на СРМ, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И ГРАДЕЖНИШТВО

Се разрешуваат досегашните членови на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво поради заминување на други должности, односно поради исполнување на услови за пензија и тоа:

Јован Андонов,
Александар Арсовски,
Симо Симовски и
Михајло Шишковски.

За членови на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво се именуваат·

Валентин Илиев, дипл. инж. металург, вработен во Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје,

Тодор Иванов, дипл. град. инж. генерален директор на ГРО „Гранит“ — Скопје,

Алексо Стаменковски, советник на републичкиот секретар за народна одбрана и

м-р Томислав Новаковски, дипл. руд. инж. секретар на Советот за истражувачки работи во рударството.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1844
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж. **Станко Младеновски,** с р.

**332.**

Врз основа на член 35 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО СКОПЈЕ И ШТИП И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста заменикот на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје Стојан Стојковски, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

Се разрешува од должноста заменикот на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Штип Илија Филипов, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

Разрешувањето се врши сметано од 30 јуни 1985 година.

За заменици на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје се именуваат·

Милица Војводиќ, заменик на окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје,

Коста Петровски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Скопје и

Ѓорѓи Настевски, заменик на општинскиот јавен обвинител во Скопје

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1845
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

**333.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничките седници на сите собори, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО СОБРАНИЕТО НА СРМ

За републички советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Живко

Тодоровски, секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1846
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж **Станко Младеновски,** с р

**334.**

Врз основа на член 24 од Законот за радиодифузија („Службен весник на СРМ“ број 20/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА — СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Радио-телевизија — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани

Тихомир Кондев,
проф д-р Андреја Спасов,
Јован Цубалевски
Енвер Билали,
Пеце Груевски,
Мице Димевски,
Елица Донева,
Максим Ангеловски,
Александар Димитров,
Цветан Станоевски,
Киро Георгиев,
Драган Николовски,
Ксенија Гавриш,
Миле Смилевски,
Ристо Колев,
Чедомир Георгиев,
Борислав Наумовски,
проф д-р Тодор Рушков,
Јордан Леов,
д-р Јовица Јовановски,
Илија Стефановски,
Мери Бошкова

За претставници на општествената заедница во Советот на Радио-телевизија — Скопје се именуваат·

полк. Ристо Дамјановски, вработен во Републичкиот штаб за територијална одбрана,

Евгенија Чолаковска, делегат во Собранието на РСИЗ за вработување од Битола,

Заре Лазаревски, претседател на Собранието на РСИЗ за физичка култура,

Есад Имери, член на Претседателството на Советот на ССМ,

Максим Ангелевски, член на Советот на ССМ,

Атанас Мечев, заменик на републичкиот секретар за финансии,

Трајан Петровски, потсекретар во Републичкиот комитет за меѓународни односи,

Иванка Мургашанска, член на Републичкиот одбор на СЗБ од НОВ на Македонија,

Мице Димевски, член на Републичкиот одбор на СЗБ од НОВ на Македонија,

Лепосава Петровска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

Јово Камберски, член на Советот на Републиката,

Николче Младенов, член на Комисијата за информирање при РК на ССММ,

Марица Чаловска, член на Претседателството на Конференцијата за општествено-политичката активност на жените на Македонија,

Борис Наумовски, секретар на Собранието на Републичката заедница за култура,

Борис Вишински, член на Претседателството на културно-просветната заедница на Македонија, главен уредник на редакцијата „Културен живот“ — Скопје,

Нико Този, делегат на Собранието на РСИЗ за општествена заштита на децата,

Тихомир Кондев, претставник од ЦК на СКМ,

Неделко Трајковски, претставник од ЦК на СКМ,

Јован Цубалевски, претставник од РК на ССРНМ,

Реиз Шакири, член на РК на ССРНМ,

Валентина Кнезева, член на РК на ССРНМ,

м-р Александар Лепојцов, градежен инженер, вработен во ГРО „Трудбеник“, делегат во Собранието на РСИЗ за научни дејности,

Свето Стојанов, претставник од РСИЗ за здравство и здравствено-осигурување — Куманово и

Славка Аросва, претставник од РСИЗ за насочено образование, вработена во ЦОУ „Орце Николов“ — Скопје

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1832
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р

**335.**

Врз основа на член 59 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ — СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ — Скопје, поради истек на времето за кое е именуван Владо Василевски

За претставник на општествената заедница во Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ — Скопје се именува Методи Кушевски, помошник на секретарот на Републичката заедница за основно образование

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1833
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с. р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с р.

**336.**

Врз основа на член 12 став 3 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ“ број 39/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

Се разрешуваат членовите на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“, поради заминување на други должности:

Ванчо Андонов и

д-р Луан Старова

За членови на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“ се именуваат

Илхами Емин, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за култура и

Верољуб Андоновски, новинар во РО НИП „Нова Македонија“

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1834
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски**, с. р.

**337.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РО ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на РО Факултет за економски науки во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани

Иван Митревски,

Борo Пеќевски и

Јанчо Јанчевски

За претставници на општествената заедница во Советот на РО Факултет за економски науки во Скопје, се именуваат

Снежана Османли, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, секретар на Комисија во ЦК на СКМ — Скопје,

Светлана Шопова, директор на Средното економско училиште „Моша Пијаде“ — Скопје и

м-р Сандре Нонкуловски, советник во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1848
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски**, с. р.

**338.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ООЗТ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на декан на ООЗТ Економски факултет — Скопје, се именуваат

Васе Костовски, потпретседател на КРО во МЗ „Тито“ Скопје и

Рокса Георгиевска, секретар на Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1849
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски**, с. р.

**339.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА — СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за радиотерапија и онкологија — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Бранко Татабитовски и

Радмила Манчевска

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за радиотерапија и онкологија — Скопје се именуваат

д-р Живко Велков, заменик на претседателот на Собранието на Заедницата на здравствените организации во СРМ и

Драган Тодоровски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на град Скопје

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1850
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски**, с. р.

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски**, с. р.

**340.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА РАДИОЛОГИЈА „СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за радиологија „Скопје“ — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани

Љубомир Поповски и

Илкер Мустафа

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за радиологија „Скопје“ — Скопје се именуваат

Трајко Стипцаров, началник во РСИЗ на здравство и здравствено осигурување и

д-р Марија Митриќеска, член на Секцијата за здравство при РК на ССРНМ, вработена во Републичкиот завод за здравствена заштита.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1851
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с р.

**341.**

Врз основа на точка 5 став 1 од Одлуката за формирање Комисија за следење на спроведувањето на Заклучоците на Собранието на СРМ, по Предлогот на ставовите, мерките и активностите во врска со Анализата за производствените можности, пазарните услови и финансиските ефекти на проектот „ФЕНИ“, во делот што се однесува за утврдувањето на личната и колективната одговорност на носителите кои придонесле за слабостите и пропустите во изградбата, инвестрањето и работењето на „ФЕНИ“, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ, ПО ПРЕДЛОГОТ НА СТАВОВИТЕ, МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО ВРСКА СО АНАЛИЗАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ МОЖНОСТИ, ПАЗАРНИТЕ УСЛОВИ И ФИНАНСИСКИТЕ ЕФЕКТИ НА ПРОЕКТОТ „ФЕНИ“, ВО ДЕЛОТ ШТО СЕ ОДНЕСУВА ЗА УТВРДУВАЊЕТО НА ЛИЧНАТА И КОЛЕКТИВНАТА ОДГОВОРНОСТ НА НОСИТЕЛИТЕ КОИ ПРИДОНЕСЛЕ ЗА СЛАБОСТИТЕ И ПРОПУСТИТЕ ВО ИЗГРАДБАТА, ИНВЕСТИРАЊЕТО И РАБОТЕЊЕТО НА „ФЕНИ“

Се разрешува од член на Комисијата за следење на спроведувањето на Заклучоците на Собранието на СРМ, по Предлогот на ставовите, мерките и активностите во врска со Анализата за производствените можности, пазарните услови и финансиските ефекти на проектот „ФЕНИ“, во делот што се однесува за утврдувањето на личната и колективната одговорност на носителите кои придонесле за слабостите и пропустите во изградбата, инвестирањето и работењето на „ФЕНИ“

инж Станко Младеновски, поради изборот за претседател на Собранието на СРМ

За член на Комисијата за следење на спроведувањето на Заклучоците на Собранието на СРМ, по Предлогот на ставовите, мерките и активностите во врска со Анализата за производствените можности, пазарните услови и финансиските ефекти на проектот „ФЕНИ“, во делот што се однесува за утврдувањето на личната и колективната одговорност на носителите кои придонесле за слабостите и пропустите во изградбата, инвестирањето и работењето на „ФЕНИ“, се именува Мишко Василевски, делегат во Соборот на општините

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1854
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с р

**342.**

Врз основа на член 167 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА — СКОПЈЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Републичкиот завод за трансфузиологија — Скопје, со која за директор на Заводот се именува прим д-р Драган Ивановски, досегашен директор на Заводот

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1853
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с р

343.

Врз основа на член 62 од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ" број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ООЗТ ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ, ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на ООЗТ Економски институт — Скопје, со која за директор на Институтот се именува Добри Додевски, научен советник во Институтот

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1847
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж. **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

344.

Врз основа на член 235 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" број 21/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ И ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА 1985 ГОДИНА

Се одобрува Програмата за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1985 година, што ја донесе Републичкиот совет на седницата, одржана на 27 февруари 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1871
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с. р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с р.

345.

Врз основа на член 235 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" број 21/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА 1984 ГОДИНА

Се одобрува Завршната сметка на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1984 година, што ја донесе Републичкиот совет на седницата, одржана на 27 февруари 1985 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1870
25 јуни 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл инж **Станко Младеновски,** с р

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

346.

Врз основа на член 16 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" број 44/77) и 37/83), а во врска со член 5 од Законот за насочување на средства што се обезбедуваат за изградба на електроенергетски објекти („Службен весник на СРМ" број 34/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ГАРАНЦИЈА ПО КРЕДИТИТЕ ШТО СЕ ЗЕМААТ ВО СТРАНСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕРМОЕЛЕКТРИЧНАТА ЦЕНТРАЛА „БИТОЛА" III

1 Социјалистичка Република Македонија гарантира дека, доколку Сложената организација на здружениот труд „Електростопанство на Македонија" — Скопје, Работната организација Рударско енергетски комбинат „Битола" — Битола, краен корисник на кредитите, не изврши уплата по пристигнатите обврски согласно со договорите за земање кредити во странство, што ќе бидат склучени од конвертибилното подрачје во износ од 4 836,000 САД долари и од клириншкото подрачје во износ од 57.599 400 клириншки долари за изградба на Термоелектричната централа „Битола" III, со проширување на Рудникот за јаглен „Суводол", тие обврски ќе ги изврши Социјалистичка Република Македонија, во износ што Стопанската банка — Здружена банка — Скопје -го платила во име и за сметка на Сложената организација на здружениот труд „Електростопанство на Македонија" — Скопје, Работна организација Рударско-енергетски комбинат „Битола" — Битола

2 Републичкиот секретаријат за финансии ќе издава исправи за гаранција согласно со оваа одлука

3. Републичкиот секретаријат за финансии ќе склучи договор со Сложената организација на здружениот труд „Електростопанство на Македонија" —

Скопје, Работната организација Рударско-енергетски комбинат „Битола“ — Битола, за уредна отплата на кредитот

Исправата за гаранција ќе ја предаде Републичкиот секретаријат за финансии на Сложената организација на здружен труд „Електростопанство на Македонија“ — Скопје, Работната организација Рударско-енергетски комбинат „Битола“ — Битола, по склучувањето на договорот од став 1 на оваа точка и договорите од точка 1 на оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-1860
25 јуни 1985 година

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с. р.

---

**347.**

Врз основа на член 25 алинеја 6, а во врска со член 135 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од функцијата секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Живко Тодоровски, поради именување на друга функција.

За секретар на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува

Олга Огњановска, самостоен советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1896
25 јуни 1985 година
Скопје

Потпретседател
на Соборот на здружениот труд,
**Тимо Ефтимов,** с. р.

---

**348.**

Врз основа на член 24, став 4 од Законот за општонародната одбрана („Службен весник на СРМ“, бр. 26/84), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## УРЕДБА
### ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ И ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ НА ОБУКАТА ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат критериумите и постапката за оценување на здравствената способност на работните луѓе и граѓаните за посетување на обуката за вооружена борба и други видови на отпор, за заштита и спасување, како и за други задачи од областа на општонародната одбрана (во натамошниот текст: обука за општонародна одбрана).

Член 2

Работните луѓе и граѓаните кои имаат право и должност за посетување на обуката за општонародна одбрана, кои според прописите за оценување на здравствената способност на граѓаните за заснивање на работен однос имаат општо здравствена способност, се сметаат по правило, способни и за посетување на обуката за општонародна одбрана, освен оние (работни луѓе и граѓани) кои боледуваат или имаат телесна повреда.

Како неспособни за посетување на обуката за општонародна одбрана во смисла на оваа уредба, се сметаат и работните луѓе и граѓаните со заостанат интелектуален и физички развој.

Списокот на болестите, телесните повреди, мани или недостатоци кои влијаат на оценување на здравствената способност за посетување на обуката за општонародна одбрана е составен дел на оваа уредба.

Член 3

Постапката за оценување на здравствената способност за посетување на обуката за општонародна одбрана се покренува по барање на работните луѓе и граѓаните, повикани за обучување за општонародна одбрана или по службена должност.

Барањата од став 1 на овој член се поднесува до општинскиот орган на управата за народна одбрана.

Член 4

Општинскиот орган на управата за народна одбрана нема да ги повикува работните луѓе и граѓаните на посетување на обуката за општонародна одбрана, доколку е покрената постапка за оценување на здравствената способност, сѐ до давањето на наодот и мислењето на првостепената лекарска комисија формирана од Извршниот совет на Собранието на општината, согласно со член 77, став 1, точка 14 од Законот за општонародна одбрана.

Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за оценување на здравствената способност на работните луѓе и граѓаните за посетување на обуката за ОНО во втор степен, ќе формира второстепена лекарска комисија.

Член 5

Лекарските комисии од претходниот член се состојат од претседател и два члена, лекари специјалисти во областа на интерната медицина, медицина на трудот и специјалисти за општа медицина.

Лекарските комисии работат во полн состав и наодот со мислењето го даваат со мнозинство на гласови, во писмена форма

Член 6

Со наодот и мислењето на лекарската комисија, општинскиот орган на управата за народна одбрана ги запознава работните луѓе и граѓаните, упатени на преглед за оценување на здравствената способност за посетување на обуката.

На наодот и мислењето на лекарската комисија може да се вложи приговор во рок од три дена до второстепената лекарска комисија

Член 7

Врз основа на наодот и мислењето на лекарските комисии од член 6 на оваа Уредба, оценувањето на здравствената способност за посетување на обуката за општонародна одбрана се утврдува со решение на општинскиот орган на управата за народна одбрана.

Оцената на здравствената способност на работните луѓе и граѓаните за посетување на обуката за општонародна одбрана, може да биде:

— способен за посетување на обуката;

— привремено неспособен за посетување на обуката и

— неспособен за посетување на обуката.

Член 8

Оценaта на привремената неспособност за посетување на обуката за општонародна одбрана е од привремен карактер и може да трае најмногу до една година. По истекот на времето на привремената неспособност за посетување на обуката, се врши повторно лекарски преглед и други испитувања за повторно оценување на здравствената способност за посетување на обуката за општонародна одбрана

Оцената — неспособен за посетување на обуката за општонародна одбрана, повлекува ослободување од должноста за посетување на обуката за општонародна одбрана

Член 9

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр 23-1101/1
27 јуни 1985 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с р

---

**349.**

Врз основа на член 84, став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 43/81), а во врска со член 4 од Одлуката за користење на средствата што се издвојуваат од посебната сметка на име надоместок за развој на рудниците за јаглен („Службен весник на СРМ" бр 22/85) Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИ РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА „СКОПЈЕ" — СКОПЈЕ И НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ХЕК „ЈУГОХРОМ" — ЈЕГУНОВЦЕ

На Работната организација Рудници и железарница „Скопје" — ООЗТ „Валавница за ленти" — Скопје и се доделуваат средства во износ од 37 милиони динари и на Работната организација ХЕК „Југохром" — Јегуновце во износ од 46,5 милиони динари од посебната сметка на која се издвојуваат на име надоместок за развој на рудниците за јаглен и истите ќе се користат за учество во финансирањето на изградбата, проширувањето и модернизацијата на Рудникот за јаглен СОЗТ РЕИК „Колубара" — Лазаревац, Работната организација „Колубара —преработка" — ООЗТ „Оплеменување на јаглен" — Вреоци

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се даваат без камата со обврска за враќање во рок од 10 години

Средствата од став 1 на овој член, корисниците се должни да ги враќаат во еднакви годишни износи по донесување на завршната сметка

Рокот на отплатата почнува да тече по истекот на шест месеци од пуштањето на објектот во редовно производство

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Бр 23-1103/1
27 јуни 1985 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с. р.

**350.**

Врз основа на член 84, став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), а во врска со точка 14, став 6 од Одлуката за начинот на формирањето на цените за нафта и нафтени деривати („Службен лист на СФРЈ" бр. 11/85), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ШТО СЕ ИЗДВОЈУВААТ НА ПОСЕБНА СМЕТКА НА ИМЕ НАДОМЕСТОК ЗА РАЗВОЈ НА РУДНИЦИТЕ ЗА ЈАГЛЕН

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат намените, условите и начинот на користење на средствата што се издвојуваат на име надоместок за развој на рудниците за јаглен, според точка 14 од Одлуката за начинот на формирање на цените за нафта и нафтени деривати, а се уплатуваат на посебна сметка на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво — Скопје за развој на рудници за јаглен — Скопје — број 40100-637-100661

Член 2

Средствата од оваа одлука ќе се користат за доистражување на истражните локалитети на јаглен што може да се користи за индустриска и за широка потрошувачка, за технолошко-металуршки испитувања во полуиндустриски проби, за изготвување на инвестиционо-техничка документација, за учество во финансирањето на изградбата на рудниците за јаглен и на објектите за облагородување на јаглен за индустриска и за широка потрошувачка и за учество во финансирањето на изградбата, проширувањето и модернизацијата на рудниците за јаглен во другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини по основа на здружување на трудот и средствата врз доходовни односи

Член 3

Средствата од оваа одлука се доделуваат на крајните корисници со обврска или без обврска за враќање врз основа на програма што ја донесува корисникот

Член 4

Корисниците, условите, начинот на користењето и висината на средствата што се доделуваат, ги утврдува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија

Член 5

Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво ќе ги преведува средствата од посебната сметка на жиро-сметка на крајните корисници според динамиката на извршување на работите

Член 6

Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво ќе се грижи за спроведување на оваа одлука и полугодишно ќе го известува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за искористувањето на средствата

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Бр 23-1102/1
27 јуни 1985 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с р.

351.

Врз основа на член 61 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ", бр 6/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА „ДЕТСКА НЕДЕЛА" ВО ВРЕМЕТО ПОМИНАТО ОД 1 ДО 7. X. 1985 ГОДИНА

I

Висината на придонесот за „Детска недела" што ќе се наплатува во времето од 1 до 7. X. 1985 година изнесува

1. На секој продаден влезен билет за театар, кино, уметничка изложба и други културни манифестации, ако вредноста на влезниот билет изнесува·

— до 100 динари 8,00 динари,
— над 100 динари 15,00 динари

2. На секоја поштенска пратка во внатрешниот сообраќај, освен на печатени работи — 4 динари

3. На секој продаден возен билет во железничкиот, автобускиот (меѓународниот и меѓуградскиот) и авионскиот сообраќај, ако вредноста на возниот билет изнесува

— до 150 динари 8,00 динари,
— над 150 динари 15,00 динари

4. На секој влезен билет за спортски натпревари и други спортски приредби, ако вредноста на влезниот билет изнесува·

— до 100 динари 8,00 динари,
— над 100 динари 15,00 динари.

II

Висината на придонесот на „Детска недела" од точка 1 на оваа одлука, потточка 1 и 4 се плаќа во готови пари при продавањето на секој влезен билет, а висината на придонесот за „Детска недела" од точка 1 на оваа одлука, потточка 2 и 3 се плаќа во маркици кои се издаваат за таа намена.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Бр 23-1070/1
27 јуни 1985 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов**, с р

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Општинскиот суд Скопје I — Скопје објавува дека во спорот помеѓу тужителите Димишкова Ратка, Димишковски Момчило и Димишковски Бранко сите од Скопје со стан на ул. „433" бр. 18 и тужената Бирчамовиќ Христина со непознато место на живеење, за утврдување право на сопственост на недвижен имот Вредност на спорот 6 000,00 динари. Во смисла на чл. 84 ст. 2 т 4 од ЗПП и е поставен привремен застапник на истата.

За привремен застапник е назначен адвокат Владимир Манолев од Скопје кој ќе ја застапува тужената се додека таа или нејзин полномошник не се јават пред судот

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XI П бр 1738/82 (90)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Пред Општинскиот суд во Гевгелија се води постапка за развод на брак од страна на тужителот Гулевски Стојан од Гевгелија против тужената Гулевска Лилјана, со поранешна адреса во Гевгелија, а сега со непозната адреса во СР Германија

Се повикува тужената Гулевска Лилјана во рок од 15 дена, по објавувањето на огласот да се јави во Општинскиот суд во Гевгелија или нејзиниот полномошник. Во спротивно ќе и се постави привремен застапник

Од Општинскиот суд во Гевгелија, П. бр 733/83

---

Пред Општинскиот суд во Гевгелија се води постапка за развод на брак, покрената од страна на тужителката Динева Верка од Гевгелија, против лицето Динев Васил со поранешна адреса во Стар Дојран, а сега со непозната адреса во Франција. Се повикува тужениот Динев Васил во рок од 15 дена по објавувањето на огласот да се јави во Општинскиот суд во Гевгелија или неговиот полномошник. Во спротивно судот ќе постапи согласно чл. 86 од ЗПП

Од Општинскиот суд во Гевгелија, П бр 104/85. (87)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за вознемирување право на сопственост и надокнада на штета по тужбата на тужителот Берзати Азби од Тетово против тужениот Мунишн Беќир од Тетово, кој се наоѓа со непозната адреса во Швајцарија

Се повикува лицето Муниши Беќир од Тетово, во рок од 30 дена да се јави во судот, или во определениот рок да овласти свој полномошник кој ќе го застапува пред судот.

Во спротивно доколку не се јави во одредениот рок, судот ќе му постави привремен старател

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр 724/85 (85)

# КОНКУРСИ

Собирот на работните луѓе при РО за уредување и одржување на спортско рекреативни објекти и детски игралишта — Битола, со учество на претставници на општествената заедница

распишува

**КОНКУРС**

за именување директор (реизбор) на РО за уредување и одржување на спортско-рекреативни објекти и детски игралишта — Битола

Кандидатите за директор покрај општите услови пропишани за својство на работник во здружениот труд и условите утврдени во Општествениот договор и Самоуправната спогодба да ги исполнуваат и следните услови

— да имаат завршено висока школска подготовка,

— да не се осудувани за кривични дела што законот ги смета за пречка за именување на директор;

— да не се под кривична истрага,

— да не им е со судска одлука забрането вршење функција директор

Молбите со документацијата да се доставуваат до РО за уредување и одржување на спортско-рекреативни објекти и детски игралишта — Битола, со назнака за конкурс.

Некомплетираните документи нема да се земаат во разгледување

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

